- nuk e paraqet në Drejtori futjen ose nxjerrjen e parave në dorë ose letrave me vlerë të prurësit mbi 10 000 euro në kundërvlerë me denarë, në pajtim me nenin 19 paragrafin (3) të këtij ligji,
- nuk e paraqet në Drejtori, dyshimin për larje parash ose financim të terrorizmit, në pajtim me nenin 19 paragrafin (4) të këtij ligji,
- nuk i ruan të gjitha të dhënat për futjen ose nxjerrjen e parave në dorë ose letrave me vlerë, nëpërmjet vijës doganore së paku dhjetë vite nga dita e bartjes së realizuar, në pajtim me nenin 27 paragrafin (5) të këtij ligji,
- nuk i dorëzojnë Drejtorisë raporte me shkrim në rast të dyshimit për larje parash ose financim të terrorizmit, në pajtim me nenin 30 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji,
- nuk e njoftojnë Drejtorinë për çdo procedurë të ngritur për vepër penale larje parash dhe financim të terrorizmit, në pajtim me nenin 32 paragrafin (3) të këtij ligji,
- nuk e informon Drejtorinë për çdo kallëzim penal të parashtruar në pajtim me nenin 32 paragrafin (4) të këtij ligji,
- nuk e informon Drejtorinë për çdo kallëzim penal të parashtruar, aktakuzë dhe aktgjykim të shkallës së parë për vepra penale larje parash dhe financim të terrorizmit, në pajtim me nenin 32 paragrafin (5) të këtij ligji,
- nuk i dorëzon të dhënat e kërkuara, në pajtim me nenin 34 paragrafin (2) të këtij ligji,
- nuk përgatit plane për ushtrimin e mbikëqyrjes mbi aplikimin e masave dhe veprimeve, në pajtim me nenin 46 paragrafin (4) të këtij ligji,
- nuk e njoftojnë Drejtorinë kur vërteton dyshim për larje parash ose financim të terrorizmit si dhe shkelje të dispozitave të këtij ligji, në pajtim me nenin 46 paragrafin (6) të këtij ligji,
- nuk formon komisione për ushtrimin e mbikëqyrje, në pajtim me nenin 47 paragrafin (1) të këtij ligji,
- nuk e njoftojnë Drejtorinë, në pajtim me nenin 47 paragrafin (3) të këtij ligji,
- nuk e njofton Drejtorinë për kërkesën e parashtruar për ngritjen e procedurës për kundërvajtje, në pajtim me nenin 48 paragrafin (1) të këtij ligji dhe
- nuk e njofton Drejtorinë për mbikëqyrjen e realizuar mbi subjektet dhe për konstatimet nga mbikëqyrja e realizuar, në pajtim me nenin 48 paragrafin (2) të këtij ligji."

Neni 46

Në nenin 53 paragrafi (1) pas presjes së numrit "50" shtohet numri "50-a".

Neni 47

Pas nenit 53 shtohet neni i ri neni 53-a, si vijon:

"Neni 53-a

(1) Procedura për kundërvajtje për kundërvajtjen e kryer nga nenet 49, 50, 50-a, 51 dhe 52 të këtij ligji, nuk mund të ngritët ose udhëhiqet nëse kalojnë më tepër se pesë vjet, nga dita kur është kryer kundërvajtja.

(2) Drejtori i Drejtorisë për kundërvajtjet që janë paraparë me nenet 50-a dhe 51, mund ta kumtojë masën vërejtje me rekomandime, me ç'rast në këtë masë përcaktohet data e saktë për plotësimin e rekomandimeve të caktuara. Nëse subjektit të cilit i është kumtuar kjo masë nuk vepron për të njëjtën në datën e përcaktuar nga drejtori i Drejtorisë, kundër tij veprohet sipas dispozitave nga neni 53 i këtij ligji."

Neni 48

Në nenin 55 fjalët: "përkatësisht shoqatat profesionale" shlyhen.

Neni 49

Dispozitat e neneve 17, 18 dhe 29-a të këtij ligji, do të fillojnë të zbatohen pas 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Dispozita nga neni 40 paragrafi (4) të këtij ligji, do të zbatohet nga 1 janari 2011.

Neni 50

Pas nenit 56 shtohen tre nene të reja 56-a, 56-b dhe 56-v, si vijojnë;

"Neni 56-a

Këshilli për luftë kundër larjes së parave dhe financimit të terrorizmit, do të formohet në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 56-b

(1) Aktet nënligjore të cilat dalin nga Ligji për parandalimin e larjes së parave dhe të ardhurave tjera nga vepra ndëshkuese dhe financimi i terrorizmit ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 4/2008) mbeten në fuqi deri në miratimin e të rejave.

(2) Aktet nënligjore të cilat dalin nga ky ligj, ministri i Financave i miraton në afat prej 12 muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Verifikimi i identitetit të klientëve ekzistues

Neni 56-v

Subjektet obligohen që ta vërtetojnë identitetin e klientëve ekzistues në bazë të procedurës për analizën e rrezikut dhe t'i azhurnojnë të dhënat për identitetin e tyre, në afat prej 24 muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji."

Neni 51

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1009.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## **У К А З**
## **ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2010 година.

Бр. 07-1833/1
22 април 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), во членот 2 точка 2 зборовите: "повеќе од 100 акционери" се заменуваат со зборовите: "повеќе од 50 акционери".

По точката 5 се додава нова точка 5-а, која гласи:

"5-а. "Деловна тајна" е податок, документ или информација која овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност при работењето ја добива за правно или физичко лице и која треба да ја чува во тајност и соодветно да ја заштити;" .

По точката 12 се додава нова точка 12-а, која гласи:

"12-а. "Добра репутација" е чесност, компетентност, работливост и поседување особини кои даваат сигурност дека лицето со начинот на своето работење нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на брокерската куќа, берзата или депозитарот за хартии од вредност;".

Точката 15 се менува и гласи:

"15. "Институционален инвеститор" е банка, осигурително друштво, отворен и затворен инвестициски фонд или пензиски фонд и друштво за управување со отворен и затворен инвестициски или пензиски фонд, централни банки, национални влади и органи на локална самоуправа, Меѓународниот монетарен фонд, ЕБРД, ЕИБ и финансиско холдинг друштво;".

Во точката 18 зборовите: "Комисија за хартии од вредност" се заменуваат со зборовите: "Комисија за хартии од вредност на Република Македонија".

По точката 19 се додава нова точка 19-а, која гласи:

"19-а. "Квалификувано учество во брокерска куќа, берза или депозитар за хартии од вредност" е директно или индиректно поседување на најмалку 10% или повеќе од вкупниот број на акции или од издадените акции со право на глас во брокерска куќа, берза или депозитар за хартии од вредност, без оглед дали лицето ги стекнува акциите само или заедно со други поврзани лица;".

Во точката 22 по зборовите: "судска одлука" запирката и зборот "компензација" се бришат.

Во точката 28 зборовите: "точка 7" се заменуваат со зборовите: "став (6)".

По точката 40 се додава нова точка 40-а, која гласи:

"40-а. "Сопствени средства" се средства кои се состојат од основната главнина, резервите и други категории на сопствени средства пресметани согласно Правилникот за категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот на сопствени средства на брокерската куќа;".

Член 2

Во членот 9 став (1) зборовите: "од членот 29" се заменуваат со зборовите: “од членовите 26 и 29".

Член 3

Во членот 11 ставот (1) се менува и гласи:

"Потврда за странска хартија од вредност која се издава, понудува и продава во Република Македонија претставува доказ за сопственост на една или повеќе обични акции, приоритетни акции или должнички хартии од вредност издадени во странство, котирани на берза или тргувани на друг регулиран пазар во земјите на ОЕЦД или Европската унија, или должнички хартии од вредност издадени или гарантирани од владите на земји членки на ОЕЦД или Европската унија или централната банка на некоја од тие земји."

По ставот (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

"(2) Издавач на потврда за странска хартија од вредност може да биде банка која има добиено дозвола од Народната бакна на Република Македонија за купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност и дозвола од Комисијата за вршење на сите услуги предвидени во членот 94 од овој закон.

(3) Издавач на потврда за странска хартија од вредност може да биде и брокерска куќа со дозвола за работење од Комисијата за вршење на сите услуги предвидени во членот 94 од овој закон.

(4) За издавање на потврда за странска хартија од вредност, потребно е да бидат исполнети следниве услови:

- странската хартија од вредност, за која се издаваат потврди во Република Македонија да е издадена во нематеријализиран облик и да е регистрирана во овластен депозитар на хартии од вредност во матичната земја на издавачот,

- издавачот на потврдата за странска хартија од вредност да има сметка на хартии од вредност во овластен депозитар на хартии од вредност во матичната земја на издавачот на странската хартија од вредност, на која е евидентирано правото на сопственост на странската хартија од вредност за која се издаваат потврди во Република Македонија и

- издавачот на потврдата за странска хартија од вредност да осигури дека на неговата сметка на хартии од вредност од алинејата 2 на овој став ќе се запише ограничувањето за располагање со хартиите од вредност за кои издал потврди во Република Македонија."

Ставот (2) станува став (5).

Во ставот (3) кој станува став (6) зборовите: "ставот (2)" се заменуваат со зборовите: "ставот (5)".

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (7) и (8).

Член 4

Во членот 14 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Проспектот од ставот (1) точка е) на овој член го изготвува издавачот на хартиите од вредност или правно лице од членот 95 став (1) на овој закон кое врши услуги со хартии од вредност, а кое има добиено дозвола за работа за вршење на сите услуги со хартии од вредност од членот 94 на овој закон."

Ставот (4) станува став (5).

Член 5

Во членот 21 став (1) зборовите: "во просториите на издавачот, или во просториите на овластен учесник на пазарот кој" се заменуваат со зборовите: "преку овластена берза за хартии од вредност која".

Член 6

Во членот 25 ставот (4) се брише.

Член 7

Во членот 27 ставот (4) се брише.

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).

Во ставот (10) кој станува став (9) зборовите: "став (6)" се заменуваат со зборовите: "став (5)".

Член 8

Членот 35 се менува и гласи:

"(1) Акционери во депозитарот можат да бидат единствено брокерски куќи, банки, осигурителни друштва или друштва за управување со фондови.

(2) Правните лица од ставот (1) на овој член и со нив поврзаните лица можат да се стекнат со квалификувано учество на акции само во еден депозитар.

(3) Влогот во акционерскиот капитал на депозитарот може да им се врати на акционерите во депозитарот на пропорционална основа само во случај на траен престанок на работата на депозитарот, по претходно намирување на сите обврски на депозитарот.

(4) Сопствениците на акции на депозитарот можат да ги продаваат своите акции само на лицата од ставот (1) на овој член."

Член 9

Во членот 46 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) За актите од ставот (1) точки а), б) и в) на овој член Комисијата дава согласност во рок од 30 календарски дена од денот на доставување на барањето до Комисијата, а за актите од ставот (1) точка г) на овој член во рок од 60 календарски дена од денот на доставувањето на барањето до Комисијата."

Ставот (2) станува став (3).

Член 10

По членот 47 се додава нов наслов и нов член 47-а, кои гласат:

"Застапување на депозитар

Член 47-а

(1) Директорот на депозитарот го застапува и претставува депозитарот во односите со трети лица.

(2) Директорот на депозитарот не смее да го пренесе правото на застапување на депозитарот на трети лица."

Член 11

По членот 48 се додава нов наслов и нов член 48-а, кои гласат:

"Обврска за чување на деловна тајна

Член 48-а

(1) Депозитарот ги чува како деловна тајна сите податоци и информации кои ќе ги добие за правно или физичко лице во текот на своето работење, согласно со закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член депозитарот е должен да ги достави податоците и информациите од ставот (1) на овој член само на барање на надлежен орган овластен со закон."

Член 12

Насловот на член 52 и членот 52 се менуваат и гласат:

"Сметки на хартии од вредност

Член 52

(1) Сопственикот на хартиите од вредност отвора сметки на хартии од вредност во депозитар.

(2) На сметките на хартии од вредност кои се отвораат во депозитар се водат состојбите, видовите, родовите и количините на хартиите од вредност, правата на сопственост и носителите на правата на сопственост на хартиите од вредност, ограничувањата на правата на сопственост на хартиите од вредност и промените на правата на сопственост на хартиите од вредност.

(3) Ограничувањата на правата на сопственост и промените на правата на сопственост на хартиите од вредност можат да произлезат единствено од актот на издавање, залог, правосилна судска одлука, одлука на НБРМ, акт на Комисијата за хартии од вредност, акт на Управата за јавни приходи и друг надлежен орган согласно со закон."

Член 13

По членот 52 се додаваат три нови наслова и три нови членови 52-а, 52-б и 52-в, кои гласат:

"Сопственички сметки на хартии од вредност

Член 52-а

(1) Сметката на хартии од вредност гласи на едно лице сопственик на тие хартии од вредност и претставува збирна состојба на сите хартии од вредност во сопственост на тоа лице (во натамошниот текст: сопственичка сметка на хартии од вредност).

(2) Секој сопственик на хартии од вредност не смее да има повеќе од една сопственичка сметка на хартии од вредност кај еден ист депозитар.

(3) Членките на депозитарот имаат една сметка за сопствените хартии од вредност во еден депозитар и други сметки за извршување и порамнување на трансакциите на клиентите.

Други сметки на хартии од вредност

Член 52-б

(1) По исклучок од членот 52-а на овој закон, во депозитар може да биде отворена сметка на хартии од вредност која гласи на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност или на друго лице кое ја отвора сметката во свое име, а за сметка на трето лице, и тоа како:

- застапничка сметка,
- портфолио сметка,
- старателска сметка и
- збирна сметка.

(2) Застапничката сметка на хартии од вредност се отвора во депозитарот врз основа на прописите кои го регулираат прашањето за законски застапник или врз основа на заверено полномошно со кое сопственикот на хартиите од вредност го доверува управувањето и располагањето со своите хартии од вредност и остварувањето на правата од тие хартии од вредност, на трето лице - застапник.

(3) Портфолио сметката на хартии од вредност се отвара врз основа на договор за управување со портфолио на хартии од вредност, која гласи на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за вршење услуги со хартии од вредност утврдени во членот 94 точка в) од овој закон и на која сметка се евидентираат хартиите од вредност со кои управува овластениот учесник, во име и за сметка на вложувачот - налогодавачот.

(4) Старателската сметка на хартии од вредност се отвара врз основа на договор за чување на хартии од вредност, која гласи на име на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност за вршење услуги со хар-

тии од вредност утврдени во членот 94 точка з) од овој закон и на име на банка - чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, а на која сметка се водат хартии од вредност за сметка на трето лице или лица - клиенти.

(5) Збирната сметка на хартии од вредност гласи на име на овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и/или на банката - чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови, а за сметка на поединечен клиент - нерезидент или повеќе клиенти - нерезиденти. Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност и банката - чувар на имот на пензиски и инвестициски фондови се должни да водат посебна евиденција за состојбата на хартиите од вредност за секој поединечен клиент и на барање на Комисијата да достават целосни податоци за сите клиенти и количината на хартии од вредност во нивна сопственост.

Овластување на депозитарот за хартии од вредност

Член 52-в

Начинот на отворање и водење на сметките на хартии од вредност од членовите 52-а и 52-б ги пропишува депозитарот со своите Правила за работа."

Член 14

Во членот 54 точката 2 се брише.

Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 2, 3 и 4.

Член 15

Во членот 56 зборовите: "Управата за јавни приходи" се заменуваат со зборовите: "надлежен орган".

Член 16

Членот 57 се брише.

Член 17

По членот 66 се додава нов наслов и нов член 66-а, кои гласат:

"Гарантен фонд

Член 66-а

(1) Депозитарот за хартии од вредност задолжително формира гарантен фонд.

(2) Гарантниот фонд го сочинуваат задолжителните уплати на членките на депозитарот кои ги користат услугите на порамнување.

(3) Средствата на гарантниот фонд се користат исклучиво за намирување на обврските на членките на депозитарот, кога нема доволно парични средства за порамнување на трговските трансакции со хартии од вредност.

(4) Депозитарот со правила го уредува начинот и висината на уплатите од ставот (2) на овој член и користењето на средствата од гарантниот фонд.

(5) Комисијата дава согласност на правилата од ставот (4) на овој член и нивните измени и дополнувања."

Член 18

Членот 76 се менува и гласи:

"(1) Правни и физички лица и со нив поврзаните лица можат да стекнат квалификувано учество на акции само во една берза.

(2) Акционер во берза може да ги продава своите акции на кое било правно или физичко лице.

(3) Влогот во акционерскиот капитал на берзата може да им се врати на акционерите во берзата на пропорционална основа само во случај на траен престанок на работата на берзата, по претходно намирување на сите обврски на берзата.

(4) Членка на берзата не мора задолжително да биде акционер на берзата."

Член 19

По членот 87 се додава нов наслов и нов член 87-а, кои гласат:

"Обврска за чување на деловна тајна

Член 87-а

(1) Берзата ги чува како деловна тајна сите податоци и информации кои ќе ги добие за правно или физичко лице во текот на своето работење, согласно со закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член берзата е должна да ги достави податоците и информациите од ставот (1) на овој член само на барање на надлежен орган овластен со закон."

Член 20

Во членот 88 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) За актите од ставот (1) точки а), б) и в) на овој член Комисијата дава согласност во рок од 30 календарски дена од денот на доставувањето на барањето до Комисијата, а за поврзувањето и спојувањето од ставот (1) точка г) на овој член во рок од 60 календарски дена од денот на доставување на барањето до Комисијата."

Ставот (2) станува став (3).

Член 21

По членот 89 се додава нов наслов и нов член 89-а, кои гласат:

"Застапување на берза

Член 89-а

(1) Директорот на берзата ја застапува и претставува берзата во односите со трети лица.

(2) Директорот на берзата не смее да го пренесе правото на застапување на берзата на трети лица."

Член 22

Во членот 94 точката з) се менува и гласи:

"з) чување на хартии од вредност што вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на клиенти во депозитар, отворање и водење на сметки на хартии од вредност и за своите клиенти кои не се сопственици на тие хартии од вредност, а за сметка на нивните клиенти и други услуги со хартии од вредност по налог на клиентот (исплата на достасани побарувања од издавачите врз основа на достасани хартии од вредност, камати и дивиденди за сметка на сопствениците на тие хартии од вредност, известување за собранија на акционерите и застапување на тие собранија, плаќање на даночни обврски на клиентот врз основа на хартии од вредност кои се во негова сопственост и слично)."

Член 23

Во членот 98 ставот (4) се брише.

Член 24

Насловот на членот 100 и членот 100 се менуваат и гласат:

"Сопствени средства на брокерска куќа

Член 100

(1) Износот на сопствените средства на брокерската куќа во ниту еден момент не смее да биде понизок од износот на основната главнина утврден во членот 99 од овој закон.

(2) Во случај износот на сопствените средства на брокерската куќа од ставот (1) на овој член да падне под минималниот износ на основната главнина од членот 99 на овој закон, Комисијата ќе и наложи на таа брокерска куќа во одреден рок да се усогласи со законот.

(3) Комисијата со посебен правилник ќе ги пропише категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот на сопствени средства на брокерската куќа во зависност од ризиците на кои е изложена при вршењето на услугите од членот 94 на овој закон."

Член 25

По членот 101 се додава нов наслов и нов член 101-а, кои гласат:

"Застапување на брокерска куќа

Член 101-а

(1) Директорот на брокерската куќа ја застапува и претставува брокерската куќа во односите со трети лица.

(2) Директорот на брокерската куќа не смее да го пренесе правото на застапување на брокерската куќа на трети лица."

Член 26

Во членот 104 ставот (2) се менува и гласи:

“Брокерската куќа е должна да ја информира Комисијата за секоја промена во сопственичката структура за стекнување на над 5% од акциите со право на глас, во рок од осум календарски дена од денот на настанувањето на промената."

Член 27

По членот 125 се додава нов наслов и нов член 125-а, кои гласат:

"Обврска за чување на деловна тајна

Член 125-а

(1) Брокерската куќа ги чува како деловна тајна сите податоци и информации кои ќе ги добие за правно или физичко лице во текот на своето работење, согласно со закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член брокерската куќа е должна да ги достави податоците и информациите од ставот (1) на овој член само на барање на надлежен орган овластен со закон."

Член 28

Насловот на членот 129 и членот 129 се менуваат и гласат:

"Управување со портфолио по налог и за сметка на индивидуален клиент

Член 129

(1) Управувањето со портфолио по налог и за сметка на индивидуален клиент претставува управување со хартии од вредност, како и со парични средства на клиентот и нивно вложување во хартии од вредност, врз основа на претходно склучен договор со индивидуалниот клиент.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член се склучува во писмена форма и содржи:

- износ на парични средства што клиентот и ги доверува на брокерската куќа,
- политиката на вложување на клиентот,
- изјава на клиентот во која наведува дека ги прифаќа условите и преземените ризици од инволвираноста во тргувањето со финансиските инструменти,
- видот, содржината и фреквенцијата на доставување на извештаите за извршените активности од страна на брокерската куќа до клиентот,
- висината на надоместокот за вршењето на работи на управување со портфолио по налог и за сметка на индивидуален клиент и начин на пресметување на истиот и
- можност за клиентот да го раскине договорот склучен со брокерската куќа.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува хартиите од вредност и другите финансиски инструменти во кои може да се вложуваат средствата на клиентот."

Член 29

Во членот 129-а ставот (1) се менува и гласи:

"Пред извршување на услугата чување на хартии од вредност, банката или брокерската куќа е должна да склучи договор со клиентот во писмена форма, со кој се регулираат нивните меѓусебни права и обврски во извршувањето на работите на чување на хартии од вредност."

Член 30

Членот 131 се менува и гласи:

"(1) Брокерската куќа до Комисијата доставува месечен извештај за претходниот месец, потпишан од директорот на брокерската куќа, кој вклучува и пресметка на основната главнина, правни промени и промени во сопственичката структура. Во прилог на месечниот извештај се доставува и изјава потпишана од директорот на друштвото дека во извештајниот период во секое време основната главнина на брокерската куќа била во согласност со членот 99 на овој закон и со правилниците донесени врз основа на овој закон.

(2) Брокерската куќа е должна веднаш да ја извести Комисијата доколку не е во можност навремено да ги исплати пристигнатите обврски кон клиентите.

(3) Брокерската куќа ја известува Комисијата за кои било промени на податоците кои биле наведени во барањето на дозвола за работење во рок од осум дена од настанување на промените.

(4) Брокерската куќа доставува годишен извештај за своето работење на Комисијата најдоцна до 31 мај во тековната година за претходната година.

(5) Годишниот извештај на брокерската куќа ги содржи финансиските извештаи со состојба на последниот ден од претходната година, потврдени согласно со меѓународните стандарди за финансиското известување и ревидирани од страна на овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди.

(6) Брокерската куќа доставува и шестмесечни неревидирани финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричните текови и извештај за промените на капиталот) до Комисијата, најдоцна 30 календарски дена по истекот на периодот за кој се однесува извештајот.

(7) Банка како овластен учесник на пазарот на хартии од вредност до Комисијата доставува неревидиран годишен и шестмесечен извештај за финансиското работење на организациониот дел за работа со хартии од вредност во роковите утврдени во членот 131 ставови (4) и (6) од овој закон.

(8) Комисијата со правилник ги пропишува содржината, формата и начинот на доставување на годишниот и шестмесечниот извештај за финансиското работење на организациониот дел за работа со хартии од вредност на банка овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

(9) Подружница на странска брокерска куќа која има дозвола за работење на територијата на Република Македонија доставува годишен извештај за работењето на странската брокерска куќа до Комисијата најдоцна до 31 мај во тековната година за претходната година.

(10) Подружница на странска брокерската куќа која има дозвола за работење на територијата на Република Македонија веднаш ја известува Комисијата за губење на дозволата за вршење услуги со хартии од вредност во матичната земја на странската брокерска куќа.

(11) Комисијата ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (1) на овој член."

Член 31

По Главата V се додаваат две нови глави V-а и V-б, 25 нови наслови и 26 нови члена 152-а, 152-б, 152-в, 152-г, 152-д, 152-ѓ, 152-е, 152-ж, 152-з, 152-ѕ, 152-и, 152-ј, 152-к, 152-л, 152-љ, 152-м, 152-н, 152-њ, 152-о, 152-п, 152-р, 152-с, 152-т, 152-ќ, 152-у и 152-ф, кои гласат:

"V-а. АКЦИОНЕРИ СО КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО БРОКЕРСКА КУЌА, БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Акционери со квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност

Член 152-а

(1) Физичко и/или правно лице кое има намера директно или индиректно, постапно или одеднаш, да се стекне со акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции со право на глас на брокерска куќа, депозитар или берза на хартии од вредност, без оглед на тоа дали има намера акциите да ги стекне само или заедно со други поврзани лица, е должно да поднесе барање до Комисијата за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество.

(2) Акционер со квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар не може да стане физичко лице и/или правно лице контролирано од лице:

1) на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, додека трае забраната;

2) против кое е поведена стечајна постапка;

3) на кое му е изречена споредна казна:

- забрана за добивање дозвола за работење на брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар,

- одземање на дозвола за работење на брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар,

- привремена или трајна забрана за вршење на работи со хартии од вредност и

- забрана за основање на нови правни лица;

4) кое не поседува добра репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот и

5) кое не ги почитува одредбите од овој закон и/или не ги спроведува, односно постапува спротивно на мерките на Комисијата, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на пазарот на хартии од вредност.

(3) Во случај на намера за дополнително стекнување на акции од страна на лице кое веќе се стекнало со квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, со што се надминува износот на акции за кои веќе има добиено согласност од Комисијата, лицето е должно да поднесе барање до Комисијата за добивање на претходна согласност за дополнително стекнување на акции над утврдените износи во ставот (1) на овој член.

(4) По исклучок од ставовите (1) и (3) на овој член лице кое врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон стекнало постапно или одеднаш акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции со право на глас на брокерска куќа, депозитар или берза на хартии од вредност без оглед на тоа дали акциите ги стекнува само или заедно со други поврзани лица, е должно во рок од десет календарски дена од конечноста, односно правосилноста на одлуката, да поднесе барање до Комисијата за добивање согласност за настанатата промена.

(5) Трансакцијата за стекнување на акциите треба да се изврши во рок од 90 календарски дена од денот на добивање на претходната согласност од Комисијата за стекнување на квалификувано учество. По истекот на овој рок задолжителна е постапка за добивање на нова согласност.

(6) Кога лицето кое добило согласност од ставовите (1) и (3) на овој член има намера да го намали учеството, директно или индиректно, на начин што тоа учество во вкупниот број на акции или вкупниот број на издадени акции со право на глас во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар ќе се намали под 20%, 30% и 50% е должно најмалку пет работни дена пред да се реализира намалувањето да ја извести Комисијата за:

1) вкупниот број на акции и вкупниот број на издадени акции со право на глас во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, кои има намера да ги продаде;

2) износот за кој ќе се намали неговото учество во капиталот;

3) вкупниот број на акции и вкупниот број на издадени акции со право на глас во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар што ќе ги поседува по намалувањето и

4) идентитетот на лицето кое ќе ги стекне неговите акции во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, доколку му е познат.

(7) Во случаите од ставовите (1) и (3) на овој член брокерските куќи, подружниците на странски брокерски куќи и овластените банки се должни при прием и извршување на налогот за купување на акции од брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар задолжително да побараат од клиентот увид и копија од согласноста на Комисијата за стекнување квалификувано учество согласно со ставовите (1) и (3) на овој член.

Барање за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност

Член 152-б

(1) Барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар содржи:

- основни податоци за лицето од членот 152-а став (1) на овој закон,
- бројот на акции и нивното процентуално учество во вкупно издадените акции со право на глас на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот што лицето од членот 152-а став (1) на овој закон ги поседува во моментот на поднесувањето на барањето и
- бројот на акции и нивното процентуално учество во вкупно издадените акции со право на глас на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот што лицето од членот 152-а став (1) на овој закон има намера да ги стекне врз основа на барањето за добивање на претходна согласност.

(2) Во прилог на барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, лицето од членот 152-а став (1) на овој закон треба да достави:

1) доказ во врска со членот 152-а став (2) точки 1, 2 и 3 од овој закон;

2) доказ за потеклото на средствата од кои би се извршила уплатата на акциите за чие стекнување се бара согласност;

3) доколку лицето од членот 152-а став (1) на овој закон е физичко лице, доказ за финансиската состојба на истото, а доколку лицето од членот 152-а став (1) на овој закон е правно лице:

- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на лицето од членот 152-а став (1) на овој закон,
- целосните ревидирани финансиски извештаи за последните две години заедно со мислењето од овластениот ревизор и белешките кон финансиските извештаи,
- список на лица кои во правното лице поседуваат, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите и
- список на членови на органите на управување на правното лице;

4) список на правни лица во кои лицето од членот 152-а став (1) на овој закон поседува, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите;

5) список на лица со кои лицето од членот 152-а став (1) на овој закон има воспоставено и одржува значајни деловни врски со опис на природата на тие деловни врски и

6) опис на инвестиционата политика на лицето од членот 152-а став (1) на овој закон во врска со инвестирањето во финансиски институции.

(3) Покрај наведените документи во ставовите (1) и (2) на овој член Комисијата може да бара и дополнителни документи, податоци и информации и да спроведе интервју со лицето од членот 152-а став (1) на овој закон, односно членовите на органот на управување на лицето од членот 152-а став (1) на овој закон, заради утврдување на исполнувањето на критериумите за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар.

(4) Лицето од членот 152-а став (1) на овој закон кое има намера да се стекне со акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 50% од вкупно издадените акции со право на глас на брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, покрај документите од ставот (2) на овој член, е должно во прилог на барањето да достави и сопствен развоен план за работењето на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот во кои истото има намера да стекне квалификувано учество.

(5) Доколку лицето од членот 152-а став (1) на овој закон е странско лице, а стекнувањето на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар согласно со овој закон од страна на тоа лице претставува активност што е предмет на супервизија на надлежен орган во државата каде што е регистрирано истото, во прилог на барањето од ставот (1) на овој член треба да се поднесе и согласност или мислење од надлежниот орган за трансакцијата за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, односно известување од лицето од членот 152-а став (1) на овој закон дека не е потребна согласност за реализирање на трансакцијата согласно законодавството на државата каде што лицето е регистрирано.

(6) Комисијата со правилник ја пропишува потребната дополнителна документација од ставот (3) на овој член за стекнување квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар.

Одлучување по барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност

Член 152-в

(1) Комисијата донесува решение по однос на барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на барањето.

(2) Комисијата ќе го одбие барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар од членот 152-б на овој закон доколку:

1) барањето не ја содржи комплетната документација;

2) барањето содржи неточни и невистинити податоци;

3) расположливите податоци и информации во врска со членот 152-б ставови (1), (2) и (3) на овој закон укажуваат дека лицето од членот 152-а став (1) на овој закон и/или лицата поврзани со него, како последица на правната или финансиската состојба, односно начинот на кој работи или природата на неговите активности, индицира тенденција на висок ризик со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот, односно нивното работење во согласност со прописите и

4) постои основано сомнение во легалноста на потеклото на парите, репутацијата или вистинскиот идентитет на лицето од членот 152-а став (1) на овој закон и/или лицата поврзани со него, согласно со овој закон.

(3) Против решението за одбивање на барањето за добивање на претходна согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(4) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

(5) Во случај кога како основа за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член е легалноста на потеклото на парите, Комисијата веднаш ја известува Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(6) Комисијата ќе донесе решение за одземање на согласноста за стекнување на квалификувано учество доколку:

1) согласноста е добиена со наведување на невистинити податоци;

2) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку преземање на одредени активности или работи, го загрозуваат сигурното и стабилното работење на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот;

3) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку вршењето на одредени активности или работи, го оневозможуваат спроведувањето на супервизијата над брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот или нејзиното спроведување е значително отежнато и

4) во случај на странско лице-имател на квалификувано учество, ако во однос на прописите кои се во сила во земјата на тоа лице или праксата при примена на тие прописи, не може да се спроведе супервизијата над брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот или нејзиното спроведување е значително отежнато.

Забрана за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност без претходна согласност од Комисијата

Член 152-г

(1) Се забранува стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар спротивно на членот 152-а ставови (1) и (3) од овој закон.

(2) Во случај на стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар спротивно на членот 152-а ставови (1), (3) и (4) од овој закон, како и во случај на одземање на согласноста за стекнување на квалификувано учество од членот 152-в став (6) на овој закон, Комисијата донесува решение со кое утврдува дека на акционерот кој ги стекнал тие акции, истите не му носат право на глас и право на дивиденда.

(3) Со решението од ставот (2) на овој член Комисијата ќе му наложи на акционерот кој стекнал акции спротивно на членот 152-а ставови (1), (3) и (4) од овој закон, како и на акционерот на кој му е одземена согласноста за стекнување на квалификувано учество од член 152-в, став (6) од овој закон да ги продаде акциите кои ги стекнал или ги поседува спротивно од овој закон во определен рок кој не може да биде подолг од 180 дена, освен во случаите од членот 152-а став (4) на овој закон, кога Комисијата може да определи и подолг рок.

(4) Со решението од ставот (2) на овој член Комисијата ги задолжува брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот кои ги издале акциите да не му дозволат на акционерот да ги остварува правото на глас и дивиденда од акциите.

(5) Решението од ставот (2) на овој член се доставува до овластениот депозитар кај кој се водат акциите на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот заради запишување на ограничувањата на акциите кои произлегуваат од решението на Комисијата од ставот (2) на овој член на сметката на акционерот.

(6) Во случај ако брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот постапат спротивно на задолжението од ставот (4) на овој член, Комисијата ќе им изрече мерки согласно со одредбите од членовите 205, 206, 207, 215 и 218 на овој закон.

(7) Во случаите од ставот (2) на овој член при одржување на собрание на акционери на брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар, вкупниот број на акции со право на глас кои произлегуваат од издадените акции на брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот се намалува за бројот на акции на кои се однесува решението од ставот (2) на овој член. Преостанатиот број на акции со право на глас претставуваат вкупен број на акции со право на глас во брокерската куќа, берзата на хартии од вредност или депозитарот.

(8) Против решението на Комисијата донесено врз основа на ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(9) Жалбата од ставот (8) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

## V-б.ФОНД ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРИ

Основање на Фонд за обесштетување на инвеститори

Член 152-д

(1) За обесштетување на инвеститори во хартии од вредност се основа Фонд за обесштетување на инвеститори (во натамошниот текст: Фондот).

(2) Фондот го формира и со него управува правно лице кое за тоа добило одобрение од Комисијата (во натамошниот текст: оператор со Фондот).

(3) Операторот со Фондот ја гарантира исплатата на обесштетувањата на клиентите на членките на Фондот со парите обезбедени во Фондот, а во согласност со сопствените правила, условите утврдени во овој закон и со подзаконските акти на Комисијата.

(4) Комисијата со правилник поблиску ќе го пропише начинот и постапката за избор на оператор со Фондот.

Членство во Фонд за обесштетување на инвеститори

Член 152-ѓ

(1) Членството во Фондот е задолжително за следниве акционерски друштва со регистрирано седиште во Република Македонија:

- брокерски куќи и овластени банки кои ги извршуваат активностите од членот 94 на овој закон и

- друштва за управување со инвестициски фондови кои вршат работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио (во натамошниот текст: членки на Фондот).

(2) Обврската од ставот (1) на овој член важи и за подружници на странски брокерски куќи, банки и друштва за управување со инвестициски фондови од држава членка на ЕУ, односно држава членка на ОЕЦД.

Случаи во кои се врши обесштетување на клиентите на членките на Фондот

Член 152-е

(1) Обесштетувањето на побарувањата на клиентите на членките на Фондот наведени во членот 152-ѓ од овој закон, кои побарувања членката на Фондот не е во можност да ги исплати и/или врати на клиентите се врши во следниве случаи ако:

а) надлежниот суд донел решение за отворање на стечајна постапка над членка на Фондот или

б) Комисијата утврди дека кај членка на Фондот настанала неможност за исполнување на обврските спрема клиентите, односно дека таа не може да ги извршува паричните обврски и/или да ги врати хартиите од вредност, кои ги чувала и/или со кои управувала за сметка на клиентот.

(2) Комисијата со правилник поблиску ќе ја пропише постапката и критериумите за утврдување на настанатиот случај од ставот (1) точка б) на овој член.

Побарувања на клиентите на членка на Фондот

Член 152-ж

(1) Побарувањата на клиентите на членка на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, а кои подлежат на обесштетување се:

а) парични средства кои членката на Фондот им ги должи на клиентите или кои им припаѓаат на клиентите, а кои соодветната членка на Фондот ги чува во име на клиентот врз основа на претходно склучен договор согласно со овој закон и Законот за инвестициски фондови и

б) хартии од вредност кои му припаѓаат на клиентот на членка на Фондот кои членката на Фондот ги чува и/или управува за сметка на клиентот, врз основа на претходно склучен договор.

(2) Средствата на клиентите на банка, кои се осигурани со Законот за Фондот за осигурување на депозити не се предмет на обесштетување на Фондот согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Побарувањата на клиентите на членките на Фондот кои произлегуваат од трансакции за кои со правосилна судска пресуда е утврдено дека се трансакции поврзани со перење на пари или финансирање на тероризам, не се предмет на обесштетување на Фондот согласно со ставот (1) на овој член.

(4) Во случај на сомневање дека побарувањата на клиентите на членките на Фондот произлегуваат од трансакции поврзани со перење пари или финансирање на тероризам, исплатата на побарувањата на клиентот нема да се изврши се до правосилноста на судската одлука за поврзаноста на трансакцијата за која е настанато побарување со перење на пари или финансирање на тероризам.

(5) Износот на осигураните побарувања на клиентот кај една членка на Фондот ќе се пресметува како вкупен износ на побарувањата на клиентот од ставот (1) на овој член, независно дали членката на Фондот ги чува на една или повеќе сметки, врз основа на една или повеќе договорени основи, или во врска со една или повеќе услуги со хартии од вредност, до висината на осигураниот износ од членот 152-ѕ на овој закон, во кој износ се вклучени и неисплатените камати до денот на отворање на стечајната постапка над членката на Фондот или до денот на објавување на решението на Комисијата за настанување на случај на обесштетување од членот 152-к на овој закон.

(6) Операторот со Фондот не врши обесштетување согласно со членот 152-ѕ став (1) од овој закон на следниве клиенти на членките на Фондот:

1) банка;

2) брокерска куќа;

3) друштво за управување со инвестициски фондови и инвестициски фондови;

4) друштво за управување со пензиски фондови и пензиските фондови;

5) друштво за осигурување;

6) субјекти за заеднички вложувања,

7) правно или физичко лице кое поседува повеќе од 5% од акциите со право на глас на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски;

8) друштво кое е владејачко или зависно друштво во однос на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски;

9) членови на управен и надзорен одбор, односно на одбор на директори на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, ако тие лица се на наведените позиции или вработени во членката на Фондот на денот на отворањето на стечајната постапка над членката на Фондот, или на денот на објавување на решението на Комисијата за настанување на осигурениот случај, или на тие позиции биле вработени во тековната или претходната финансиска година;

10) правни субјекти кои имаат склучено договор за посредување со друштво за управување со инвестициски фондови кое не е во можност да ги исполни своите обврски, а кои во тоа својство дејствуваат на денот на отворањето на стечајната постапка над друштво за управување со инвестициски фондови, или на денот на објавување на решението на Комисијата за настанување на осигурениот случај, или во тоа својство дејствувале во тековната или претходната финансиска година;

11) овластени ревизори за ревизија на финансиските извештаи на членка на Фондот, како и лицата одговорни за водење на сметководствената евиденција на членка на Фондот и изработка на финансиските извештаи;

12) членови на надзорен и управен одбор или одбор на директори, како и лица кои во сопственост имаат 5% или повеќе од 5% од акциите со право на глас во друштвото кое е владејачко или зависно друштво во однос на членката на Фондот, како и лицата кои се одговорни за ревизија на финансиските извештаи на тоа друштво;

13) брачни или вонбрачни другари како и роднини по крв во права линија до втор степен и во странична линија до прв степен на лицата од точките 9 до 12 на овој став и

14) клиенти на членка на Фондот чие неисполнување на обврските кон членката на Фондот придонело за настанување на осигурениот настан.

Член 152-з

(1) Побарувањата кои се однесуваат на заеднички вложувања на кои две или повеќе лица имаат право како членови на деловно партнерство, здружение или групација со слична природа кои немаат правен статус, за потребата да се пресмета износот на осигурени побарувања согласно со оваа глава, истите ќе се соберат и ќе се сметаат како да произлегуваат од вложување на еден клиент.

(2) Во случај кога клиентот нема право во целост да располага со износите или хартиите од вредност, лицето кое има потполно право на располагање ќе биде обесштетено, под услов тоа лице да е или да може да се идентификува пред денот на објавувањето на решението од членот 152-к на овој закон.

(3) Ако две или повеќе лица имаат целосно право на располагање со паричните средства или хартиите од вредност, учеството на секое од нив утврдено со меѓусебниот договор за управување со паричните средства и хартиите од вредност ќе се земе предвид кога ќе се утврдува износот до кој се осигуруваат побарувањата на клиентите од членот 152-ѕ на овој закон.

(4) Одредбата од ставот (3) на овој член не се однесува на вложувањата во инвестициски фондови.

(5) Заедничко вложување во смисла на овој член значи вложување кое се спроведува за сметка на две или повеќе лица или над кое две или повеќе лица имаат права кои можат да се користат врз основа на потпис на едно или повеќе од тие лица.

Износ до кој се осигуруваат побарувањата на клиентите

Член 152-ѕ

(1) Побарувањата на клиентите на членките на Фондот се обесштетуваат во висина на:

1) 100% од вкупните парични средства и хартии од вредност на секое физичко или правно лице, клиент на членка на Фондот до износот од 10.000 евра во денарска противвредност и

2) 90% од вкупните парични средства и хартии од вредност на секое физичко или правно лице, клиент на членка на Фондот до износот од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност, но не повеќе од 20.000 евра во денарска противвредност.

(2) Сите осигурени побарувања до износот пропишан во ставот (1) на овој член се исплатуваат во целост.

(3) Во постапката на обесштетување на утврдениот износ на побарувања не се пресметува и исплатува камата од денот на отворањето на стечајна постапка над членка на Фондот или од денот на објавувањето на решението на Комисијата при настанување на случаите од членот 152-к на овој закон до денот на исплатата на обесштетувањето.

Правила за работа на операторот со Фондот

Член 152-и

(1) Работењето на Фондот се уредува со правила пропишани од операторот со Фондот кои претходно треба да бидат одобрени од страна на Комисијата.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член особено содржат:

1) начин на управување со средствата на Фондот;

2) начин и постапка на наплата на надоместоците од членките на Фондот;

3) начин и постапка на обесштетување;

4) постапка на известување на јавноста, а посебно на клиентите на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски;

5) постапката за истапување од Фондот;

6) износот на надоместокот за управување со Фондот согласно со реалните трошоци за управување со Фондот;

7) содржина на барањето за обесштетување на инвеститорите во хартии од вредност и

8) постапка на известување на Комисијата за работата на Фондот.

Утврдување на износот на осигурените побарувања

Член 152-ј

(1) Операторот со Фондот, при утврдувањето на износот на осигурените побарувања на секој поединечен клиент на членка на Фондот е должен да ги утврди побарувањата на клиентот кон членката на Фондот имајќи ги предвид сите законски и договорени обврски во врска со секое поединечно побарување, а особено е должен да ги пресмета побарувањата и тоа на денот на отворањето на стечајната постапка или на денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон.

(2) Износот на осигурените побарувања на клиентите на членката на Фондот се утврдува на денот на отворањето на стечајната постапка или на денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон.

(3) Паричната вредност на хартиите од вредност кои членката на Фондот е должна да му ја врати на клиентот се утврдува врз основа на нивната пазарна вредност на денот на отворањето на стечајната постапка или на денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон.

Настанување на случај за обесштетување

Член 152-к

(1) Во случај на настанување на условите од членот 152-е став (1) точка а) на овој закон надлежниот суд без одлагање ќе го донесе и достави до Комисијата и до операторот на Фондот решението за отворање на стечајна постапка над членка на Фондот.

(2) Врз основа на решението на надлежниот суд од ставот (1) на овој член, како и во случај на настанување на условите од членот 152-е став (1) точка б) на овој закон, Комисијата донесува решение за настанување на случај за обесштетување и без одложување го доставува до операторот со Фондот и членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски.

(3) Решението на Комисијата од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и на интернет страницата на Комисијата.

Постапување на операторот со Фондот по настанување на случај за обесштетување

Член 152-л

(1) Операторот со Фондот е должен по примањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон да започне постапка за обесштетување на клиентите на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски и за тоа ја известува јавноста во најмалку два дневни весници кои излегуваат на територијата на Република Македонија и на интернет страницата на операторот со Фондот.

(2) Во рок од 30 дена од денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон, операторот со Фондот е должен во соработка со овластениот ревизор и овластениот застапник на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, да го утврди износот на осигурените побарувања на клиентите на членката на Фондот, со состојба на денот на отворањето на стечајната постапка или на денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон, како и да состави записник.

(3) Записникот од ставот (2) на овој член операторот со Фондот веднаш го доставува до Комисијата.

(4) Операторот со Фондот е должен, врз основа на податоците за клиентите на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, писмено да го извести секој клиент дека истиот има обврска за поднесување барање за обесштетување.

(5) Клиентот на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, барањето за обесштетување може да го поднесе во рок не подолг од пет месеци од денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон во "Службен весник на Република Македонија".

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член кога клиентот, како резултат на причини врз кои не можел да влијае, бил спречен да поднесе барање за обесштетување во рокот наведен во ставот (5) на овој член, може дополнително да го поднесе барањето за обесштетување во рок од една година од денот на објавувањето на решението на Комисијата во "Службен весник на Република Македонија". Во тој случај клиентот е должен да поднесе докази кои ја потврдуваат неговата спреченост за поднесување на барањето во рокот наведен во ставот (5) на овој член.

(7) Клиентот од ставот (5) на овој член го губи правото на исплата на осигурениот износ по истекот на рокот од пет години од денот на објавувањето на решението на Комисијата од членот 152-к став (2) на овој закон во "Службен весник на Република Македонија".

Обврски на членката на Фондот кон операторот со Фондот

Член 152-љ

Членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски е должна на барање на операторот со Фондот без одлагање да му достави:

- попис на клиентите на членката на Фондот кои имаат право на обесштетување, заедно со евиденцијата која се однесува на побарувањата на клиентите кои се осигурени со овој закон и
- износи на побарувања за кои клиентите имаат право на обесштетување.

Исплата на осигурените побарувања на клиентите

Член 152-м

(1) Операторот со Фондот утврдените износи на осигурените побарувања ги исплатува на сметките на клиентите на членката на Фондот од средствата на Фондот.

(2) Операторот на Фондот е должен на клиентите на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, да им ги исплати утврдените износи на осигурените побарувања без одлагање, а најдоцна во рок од 90 дена од денот на утврдувањето на правата на исплата на осигурените побарувања, односно од денот на утврдувањето на износот на истите, или по исклучок и во рок подолг од 90 дена врз основа на посебно решение на Комисијата.

(3) Правото на исплата на осигурениот износ од членот 152-ѕ на овој закон не е преносливо, но може да се наследи.

Поврат на исплатени осигурени средства

Член 152-н

(1) На денот на исплата на осигурениот износ од членот 152-ѕ на овој закон побарувањата на клиентот спрема членката на Фондот се намалуваат за исплатениот износ.

(2) Фондот има право на поврат на исплатените осигурени средства во стечајната постапка над членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, врз основа на претходно доставена пријава до стечајниот управник на членката на Фондот.

(3) Побарувањата на Фондот по основ на исплатени осигурени побарувања се исплаќаат пред побарувањата на останатите доверители.

(4) Пријавата од ставот (2) на овој член ја поднесува операторот со Фондот во име на Фондот.

Обврска на членките на Фондот за пресметување и уплата на надоместоци

Член 152- њ

(1) Членките на Фондот се должни редовно да ги пресметуваат и уплатуваат надоместоците на Фондот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, а врз основа на одлука на Комисијата, на членката на Фондот и престанува, односно и се намалува обврската за уплатување на надоместокот на Фондот во случај ако:

1) привремено или трајно ќе престане да извршува некоја од активностите од членот 94 на овој закон, односно активноста на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио од Законот за инвестициски фондови или

2) привремено или трајно ќе и се одземе дозволата за работа.

(3) По одземањето на дозволата за работа обесштетувањето на побарувањата на клиентите од членот 152-ж на овој закон ќе се однесуваат на побарувањата кои произлегле од активности извршени до одземањето на дозволата.

Надоместоци кои се наплатуваат од страна на членките на Фондот

Член 152-о

(1) Надоместокот на членката на Фондот се состои од влезниот и редовниот надоместок. Средствата уплатени на име надоместоци се неповратни.

(2) Членките на Фондот од членот 152-ѓ на овој закон се должни во рок од осум дена од денот на запишувањето во трговскиот регистар да го уплатат во Фондот влезниот надоместок во износ од 5.000 евра во денарска противвредност.

(3) Комисијата ќе го пропише начинот и роковите за уплата на редовниот надоместок, врз основа на видот, обемот и ризичност на активностите кои ги извршува членката на Фондот.

Последици од неисполнување на обврските од страна на членка на Фондот

Член 152-п

(1) Ако членката на Фондот надоместоците од членот 152-о на овој закон не ги уплати во пропишаните рокови, операторот со Фондот пресметува казнена камата на износот за неуплатените надоместоци.

(2) Контрола над извршување на обврските на членките на Фондот врши операторот со Фондот.

(3) За неисполнување или ненавремено извршување на обврските на членка на Фондот спрема Фондот, операторот со Фондот е должен без одлагање да ја извести Комисијата.

(4) Комисијата кон членката на Фондот која не ги исполнува своите обврски кон Фондот ќе преземе соодветни мерки согласно со членот 194 од овој закон.

(5) Клиентите на членката на Фондот не го губат правото на обесштетување до износите предвидени во членот 152-ѕ од овој закон во случај на неможност на членката на Фондот во одреден временски период да ги уплати надоместоците од членот 152-о на овој закон.

Водење на деловни книги и известувања до Комисијата и операторот со Фондот

Член 152- р

Членка на Фондот е должна да ја организира својата работа и да ги води деловните книги и евиденцијата која се однесува на побарувањата на клиентите осигурени согласно со овој закон и истите ги доставува до Комисијата и операторот со Фондот.

Користење и заштита на податоци

Член 152-с

(1) Операторот со Фондот е должен да ги чува како деловна тајна податоците за состојбата на поединечните побарувања на клиентите, како и сите други податоци кои ќе ги добие при извршување на своите овластувања и обврски, согласно со прописите кои ја уредуваат заштитата на личните податоци.

(2) Операторот со Фондот може да ги користи податоците од ставот (1) на овој член кои ги добива при вршењето на своите овластувања, исклучиво само за целта за која се дадени и не смее овие податоците да ги направи достапни за трети лица или да им овозможи истите да ги дознаат или искористат, освен во случаите пропишани со закон.

(3) Одредбата од ставот (2) на овој член се однесува и на сите физички лица кои во својство на вработени или во друго својство работат или работеле за операторот со Фондот.

Средства на Фондот

Член 152-т

(1) Уплатените надоместоци во Фондот и останатите приходи од ставот (2) на овој член кои ги остварува операторот со Фондот се водат на посебна сметка отворена кај Народната банка на Република Македонија.

(2) Средствата на Фондот се состојат од:

- надоместоците на членките на Фондот уплатени согласно со членот 152-о од овој закон,
- средствата наплатени во стечајна постапка над членка на Фондот,
- приходи од вложување на слободните средства на Фондот и
- други приходи.

(3) Средствата на Фондот, операторот со Фондот ги користи за исплата на осигурените побарувања на клиентите и не може да се користат за други намени, ниту можат да бидат предмет на извршување против членка на Фондот, ниту против операторот со Фондот.

(4) Средствата на Фондот може да се вложуваат во:

- хартии од вредност чиј издавач е Република Македонија, држави членки на Европската унија, односно држави членки на ОЕЦД и централните банки на тие држави,
- обврзници и други должнички хартии од вредност за кои гарантира Република Македонија, државите членки на Европската унија, односно државите членки на ОЕЦД и
- обврзници и други должнички хартии од вредност чиј издавач е единица на локалната самоуправа на Република Македонија, држави членки на Европската унија, односно државите членки на ОЕЦД.

(5) Операторот со Фондот води евиденција и доставува до Комисијата месечно известување за средствата со кои располага.

(6) Комисијата поблиску ја пропишува формата и содржината на евиденцијата и известувањето од ставот (5) на овој член.

Надоместок за управување со Фондот

Член 152-ќ

(1) Операторот со Фондот наплатува надоместок за управување со Фондот.

(2) Надоместокот за управување со Фондот се наплатува годишно и во еднаков износ за сите членки на Фондот.

(3) Средствата собрани по основ на надоместок за управување со Фондот може да се користат за:

- покривање на трошоци кои настанале во постапката на исплатување на осигурените износи,
- покривање на трошоци кои настанале во постапката на исплата на побарувањата на операторот со Фондот од стечајната маса на членка на Фондот,
- трошоци поврзани со вложувањата на средствата на Фондот и
- трошоци за вработените во операторот со Фондот и други трошоци од работењето на операторот со Фондот направени во врска со осигурувањето на средствата на клиентите.

Информирање за Фондот за обесштетување на инвеститори

Член 152-у

(1) Членка на Фондот е должна во сите простории во кои работи со клиенти, на видливи места и на разбирлив начин да објави дека средствата на клиентите се осигурени во Фондот за обесштетување на инвеститори, согласно со овој закон.

(2) На барање на клиентот, членка на Фондот е должна да му даде информации во врска со условите под кои побарувањата на клиентите се обесштетуваат од Фондот за обесштетување на инвеститори.

(3) Членките на Фондот не смеат да го користат членството во Фондот за свое рекламирање.

Постапување на операторот со Фондот во случај на недостиг на средства во Фондот

Член 152-ф

(1) Во случај Фондот да не располага со доволно средства за обесштетување на клиентите на членката на Фондот која не е во можност да ги исполни своите обврски, операторот со Фондот ќе обезбеди дополнителни средства преку:

- задолжување во земјата и странство, при што за враќањето на средствата обезбедени преку заемот солидарно одговараат сите членки на Фондот или
- дополнителни уплати од страна на членките на Фондот.

(2) Комисијата ќе ги пропише висината и начинот на уплатување на дополнителните уплати од ставот (1) алинеја 2 на овој член."

Член 32

Во членот 153 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување се водат и издавачите на должнички хартии од вредност кои од моментот на из-

давање до истекот на рокот на достасување и до целосното исплаќање на должничките хартии од вредност имаат статус и обврски на акционерско друштво со посебни обврски за известување.

(3) Одредбите од ставот (2) на овој член не се применуваат во случај на приватна понуда на должнички хартии од вредност чија преносливост е ограничена."

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 33

Во членот 154 ставот (1) се менува и гласи:

"Акционерското друштво е должно да изготви и до Комисијата да достави годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето во рок од пет месеци по завршувањето на секоја календарска година."

Член 34

Во членот 157 став (1) зборовите: "од календарската година" се заменуваат со зборовите: "кумулативно за тековната година".

Член 35

Во членот 165 став (2) по зборот "Комисијата" се додаваат зборовите: "и акционерското друштво".

Член 36

Во Главата VI по точката 3-а се додава нова точка 4, нов наслов и нов член166-б, кои гласат:

"4. Обврски за известување на акционерски друштва кои не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Обврски за известување на јавноста

Член 166-б

(1) Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, се должни да ги објавуваат следниве податоци:

- приходи (вкупно), добивка од редовно работење пред оданочување, добивка за финансиската година, нето готовински тек, добивка за финансиска година по акција и дивиденда по акција,
- промени во сопственичката структура над 10%,
- статусни измени на друштвото,
- промени во органите на управување и раководење,
- нова емисија на хартии од вредност и
- други промени во работењето кои значајно влијаат врз цената на хартиите од вредност.

(2) Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност се должни податоците од ставот (1) на овој член да ги објавуваат на интернет страницата на овластената берза.

(3) Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност се должни да ги објават податоците од ставот (1) алинеја 1 на овој член во рок од 15 дена од усвојувањето на годишната сметка, односно финансиските извештаи на издавачот, додека податоците од ставот (1) алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член во најкраток рок, но не подоцна од десет календарски дена од денот на настанатата промена.

(4) Акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност се должни ревидираните финансиски извештаи и мислењето од овластен ревизор да ги објават на интернет страницата на овластената берза, доколку издавачот согласно со закон е должен да ги подведе на ревизија своите финансиски извештаи, а мислењето од овластен ревизор да го објават и во еден дневен весник што излегува на територијата на Република Македонија, во рок од 15 дена од усвојувањето."

Член 37

По членот 180 се додаваат нов наслов и нов член 180-а, кои гласат:

"Спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Член 180-а

(1) Овластен учесник на пазарот на хартии од вредност е должен да постапува согласно со прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(2) Комисијата врши контрола на примената на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност.

(3) Поради непостапување согласно со прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност Комисијата може да донесе решение за изрекување на мерка предвидена во членот 194 од овој закон."

Член 38

Во членот 181 став (1) зборовите: " Комисија за хартии од вредност" се заменуваат со зборовите: "Комисија за хартии од вредност на Република Македонија".

Член 39

Во членот 184 став (1) по точката ѓ) се додава нова точка е), која гласи:

"е) може привремено или трајно да го прекине тргувањето со определена хартија од вредност заради спречување на манипулативни дејствија, при што посебно ќе се утврдат начинот и постапката;".

Точките е), ж), з), ѕ), и), ј), к), л), љ), м), н), њ) и о) стануваат точки ж), з), ѕ), и), ј), к), л), љ), м), н), њ), о) и п).

Член 40

Во членот 188 ставот (2) се менува и гласи:

"Сегашните и поранешните комисионери, сегашните и поранешните вработени во стручната служба на Комисијата и сегашните и поранешните консултанти ангажирани од Комисијата, не смеат за своја корист да ги употребуваат или да ги обелоденуваат деловните тајни или внатрешните информации со кои се стекнале во текот на работењето во Комисијата."

Член 41

Во членот 193 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Овластените лица од Комисијата кои вршат контрола имаат службена легитимација."

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

"(4) Комисијата поблиску ги пропишува начинот и постапката за вршење на контролата од ставот (1) на овој член, како и формата, содржината, начинот на издавање и одземање на службената легитимација."

Член 42

Во членот 199 ставот (1) се менува и гласи:

“Комисијата е овластена да спроведува надзор заради утврдување дали овластен учесник на пазарот за хартии од вредност, операторот со Фондот или друго физичко или правно лице го прекршиле овој закон, правилниците донесени врз основа на овој закон, другите закони во нејзина надлежност и правилата на овластените учесници на пазарот.“

Член 43

По членот 223 се додава нов наслов и нов член 223-а, кои гласат:

"Овластување за собирање и обработување на лични податоци

Член 223-а

(1) Комисијата врши собирање, обработка, анализа, користење, оценување, пренос, чување и бришење на податоци за правни лица и лични податоци на физички лица од сопствената евиденција, согласно со закон.

(2) Личните податоци можат да се користат единствено за целите на Комисијата согласно со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.

(3) Комисијата собира лични и други потребни податоци непосредно од лице на кое тие се однесуваат, од други лица или од постојните збирки на податоци со кои, согласно со закон, располагаат и ги водат надлежните државни органи, јавни институции, установи и други правни лица."

Член 44

По членот 225 се додава нов наслов и нов член 225-а, кои гласат:

"Овластен пристап до банкарски сметки

Член 225-а

Во постапката на контрола и надзор Комисијата може да обезбеди документи, податоци и информации за состојбите на банкарските сметки на физички или правни лица, а во врска со трговските преноси на хартии од вредност, согласно со закон."

Член 45

Во членот 227 став (2) точките е), ж) и з) се менуваат и гласат:

"е) надоместоци за надзор на берзите;

ж) надоместоци за надзор на брокерските куќи;

"з) надоместоци за надзор на депозитарите;".

Член 46

Членот 231 се менува и гласи:

"(1) Против решението што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисијата за жалби), во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(2) Против конечните одлуки на Комисијата за жалби може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд."

Член 47

По членот 231 се додаваат три нови наслова и три нови члена 231-а, 231-б и 231-в, кои гласат:

"Состав на Комисијата за жалби

Член 231-а

(1) Комисијата за жалби е составена од претседател и четири члена.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата за жалби, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија.

(3) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата за жалби изнесува пет години со право на повторен избор.

(4) На првата конститутивна седница на Комисијата за жалби се избира заменик на претседателот.

(5) Комисијата за жалби се финансира од буџетот на Собранието на Република Македонија.

Избор и разрешување на членовите на Комисијата за жалби

Член 231-б

(1) За член на Комисијата за жалби може да биде именувано лице кое покрај условите од членот 183 став (3) на овој закон ги исполнува и следниве услови:

а) да има искуство во областа на финансиите и деловното право над пет години и

б) да не е во работен или друг договорен однос со правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија.

(2) Функцијата претседател на Комисијата за жалби престанува со поднесување оставка на претседателот или негово разрешување од страна на Собранието на Република Македонија. Во случај на поднесување на оставка од страна на претседателот, неговата функција како член на Комисијата за жалби продолжува и понатаму, а Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, избира нов претседател од редот на постојните членови за остатокот од мандатот.

(3) Членовите на Комисијата за жалби можат да поднесат оставка со поднесување писмена изјава до Собранието на Република Македонија. Собранието на Република Македонија на првата наредна седница, без претрес, констатира дека на претседателот, односно членот на Комисијата за жалби му престанува мандатот со денот на одржувањето на седницата.

(4) Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот, односно членот на Комисијата за жалби, ако:

а) три пати едноподруго неоправдано отсуствувал од седниците на Комисијата за жалби;

б) е на отслужување на казна затвор за кривично дело подолго од шест месеци;

в) ја изгуби работната способност за вршење на редовните задачи;

г) при извршувањето на неговата функција ги прекршува одредбите на Деловникот на Комисијата за жалби;

д) обелодени деловна тајна која ја дознал во текот на неговото работење во Комисијата за жалби;

ѓ) обелодени внатрешна информација со која се стекнал во текот на неговото работење во Комисијата за жалби;

е) стане член на орган на политичка партија;

ж) стане член на управен одбор, надзорен одбор или одбор на директори на правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија;

з) стане акционер со над 5% од акциите со право на глас во акционерско друштво со посебни обврски за известување и 25% од акциите со право на глас на кое било друго акционерско друштво;

ѕ) стане функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа и

и) е во работен или друг договороен однос со правно лице над кое контрола врши Комисијата, односно супервизија врши Народната банка на Република Македонија.

(5) Ако на членот на Комисијата за жалби му престане членството пред истекот на неговиот мандат, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија избира нов член за остатокот од мандатот.

Начин на работење и одлучување на Комисијата за жалби

Член 231-в

(1) Комисијата за жалби ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(2) Начинот на работење и одлучување на Комисијата за жалби поблиску се уредува со Деловник.

(3) Претседателот и членовите не смеат да одлучуваат за овластени учесници на пазарот на хартии од вредност и други правни и физички лица над кои контрола врши Комисијата, во кои нивните брачни другари или членови на нивните семејства во прв степен на сродство, се во работен или друг договорен однос, акционери или членови на управен одбор или надзорен одбор или одбор на директори на овластени учесници на пазарот на хартии од вредност и други правни лица над кои контрола врши Комисијата."

Член 48

Во членот 232 по зборот “решение“ се додаваат зборовите: “од страна на Комисијата и Комисијата за жалби".

Член 49

Во членот 234 точката 1 се брише.

Точките 2, 3, 4 и 5 стануваат точки 1, 2, 3 и 4.

Член 50

По членот 235 се додава нов член 235-а кој, гласи:

"Член 235-а

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правен субјект кој врши услуга на чување на хартии од вредност, ако не води посебна евиденција за состојбата на хартиите од вредност за секој поединечен клиент и не достави целосни податоци за сите клиенти и за количината на хартии од вредност во нивна сопственост на барање на Комисијата согласно со членот 52-б став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 51

Во членот 236 точката 2 се брише.

Точките 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 2, 3, 4 и 5.

Член 52

Во членот 238 став (1) точката 3 се менува и гласи:

"3) износот на сопствените средства не го одржува согласно со членот 100 став (1) од овој закон;".

Точката 4 се менува и гласи:

"4) во случај кога износот на сопствените средства падне под минималниот износ, по налог на Комисијата не се усогласи со законот во одреден рок согласно со членот 100 став (2) од овој закон;".

Точката 5 се брише.

Точките 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26.

Член 53

По членот 241 се додава нов член 241-а, кој гласи:

"Член 241-а

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на членка на Фондот за обесштетување на инвеститори, ако:

1) не постапи согласно со членот 152-р од овој закон и

2) го користи членството во Фондот за обесштетување на инвеститори за свое рекламирање согласно со членот 152-у став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорно лице во членката на Фондот."

Член 54

Во членот 242 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на акционерските друштва и другите правни лица - издавачи на хартии од вредност, чии хартии од вредност не котираат на берза и не се водат во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, доколку не постапат согласно со членот 166-б од овој закон."

Ставот (2) кој станува став(3) се менува и гласи:

"(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставовите (1) и (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 55

По членот 245 се додаваат шест нови члена 245-а, 245-б, 245-в, 245-г, 245-д и 245-ѓ, кои гласат:

"Член 245-а

Глоба во износ од 7.500 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое:

1) се стекнало со квалификувано учество во брокерска куќа, берза за хартии од вредност или депозитар спротивно на членот 152-а ставови (1) и (3) од овој закон и

2) не постапило согласно со членот 152-г став (3) од овој закон.

Член 245-б

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако не ја извести Комисијата согласно со членот 152-а став (6) од овој закон.

Член 245-в

Глоба во износ од 3.500 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое:

1) се стекнало со квалификувано учество во брокерска куќа, берза за хартии од вредност или депозитар спротивно на членот 152-а ставови (1) и (3) од овој закон и

2) не постапило согласно со членот 152-г став (3) од овој закон.

Член 245-г

Глоба во износ од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако не ја извести Комисијата согласно со членот 152-а став (6) од овој закон.

Член 245-д

Глоба во износ од 7.500 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на брокерска куќа, подружница на странска брокерска куќа и овластена банка доколку постапи спротивно на одредбите од членот 152-а став (7) на овој закон.

Член 245-ѓ

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето од членот 200 на овој закон доколку уредно е повикано и не дојде, а не го оправда изостанокот, или ако дојде па откако е предупредено за последиците, без законска причина не сака да даде изјава.

(2) Глоба во висина до десеткратниот износ на глобата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на лицето кое и покрај изречената глоба од ставот (1) на овој член ќе одбие да даде изјава."

Член 56

Комисијата во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе прописите предвидени со овој закон.

До донесување на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 57

Во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија до Собранието на Република Македонија ќе достави предлог за именување на нови членови на Комисијата за жалби кои ги исполнуваат условите од членот 231-б став (1) на овој закон.

Мандатот на постојниот состав на членовите на Комисијата за жалби им престанува со именувањето на новите членови.

Член 58

Одредбите од членот 66-а на овој закон кои се однесуваат на Гарантниот фонд ќе се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Член 59

Одредбите од членовите 152-д до 152-ф на овој закон кои се однесуваат на Фондот за обесштетување на инвеститори ќе се применуваат од денот на влегувањето на Република Македонија како полноправна членка на Европската унија.

Член 60

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од Главата V подглава 1. Тргување со пари и краткорочни хартии од вредност од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2000, 103/2000, 34/2001, 4/2002, 37/2002, 31/2003, 85/2003 и 96/2004).

Член 61

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за хартии од вредност.

Член 62

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR LETRA ME VLERË

Neni 1

Në Ligjin për letra me vlerë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 95/2005, 25/2007 dhe 7/2008), në nenin 2 pika 2 fjalët: “më tepër se 100 aksionarë” zëvendësohen me fjalët: “më tepër se 50 aksionarë”.

Pas pikës 5 shtohet pikë e re 5-a, si vijon:

“5-a. “Fshehtësi afariste” është e dhëna, dokumenti apo informata të cilën pjesëmarrësi i autorizuar në tregun e letrave me vlerë, gjatë punës e merr për personin juridik apo fizik dhe të cilën duhet ta ruajë në fshehtësi dhe në mënyrë përkatëse ta mbrojë;".

Pas pikës 12 shtohet pikë e re 12-a, si vijon:

“12-a. “Reputacion i mirë” është ndershmëria, kompetenca, vullneti për punë dhe posedimi i karakteristikave që sigurojnë se personi me mënyrën e punës së tij, nuk do të ndikojë në rrezikimin e stabilitetit dhe sigurisë së shtëpisë brokere, bursës apo depozitarit për letra me vlerë;".

Pika 15 ndryshohet si vijon:

“15. “Investuesi institucional” është bankë, shoqëri sigurimi, fond i hapur dhe i mbyllur investues apo fond pensional dhe shoqëri për menaxhim me fond të hapur dhe të mbyllur investues apo fond pensional, banka qendrore, qeveri nacionale dhe organe të vetadministrimit lokal, Fondi Monetar Ndërkombëtar, BERZH, BEI dhe shoqëria financiare holding;”.

Në pikën 18 fjalët: “Komisioni për Letra me Vlerë” zëvendësohen me fjalët: “Komisioni për Letra me Vlerë i Republikës së Maqedonisë”.

Pas pikës 19 shtohet pikë e re 19-a, si vijon:

"19-a. “Pjesëmarrje kualifikuese në shtëpi brokere, bursë apo depozitar për letra me vlerë” është posedim i drejtpërdrejtë apo i tërthortë i së paku 10% apo më tepër, nga numri i përgjithshëm i aksioneve apo të aksioneve të emetuara me të drejtë vote në shtëpi brokere, bursë apo depozitar për letra me vlerë, pa marrë parasysh nëse personi i fiton aksionet vet apo së bashku me persona tjerë të lidhur;”.

Në pikën 22, pas fjalëve: “vendim gjyqësor” presja dhe fjala “kompensim” shlyhen.

Në pikën 28 fjalët: “pika 7” zëvendësohen me fjalët: “paragrafi (6)”.

Pas pikës 40 shtohet pikë e re 40-a, si vijon:

"40-a. “Mjete personale” janë mjetet që përbëhen nga kryegjëja themelore, rezervat dhe kategoritë tjera të mjeteve personale, të llogaritura në pajtim me Rregulloren për kategoritë e mjeteve personale dhe mënyrën e llogaritjes së shumës së mjeteve personale të shtëpisë brokere;".

Neni 2

Në nenin 9 paragrafin (1) fjalët: “nga neni 29” zëvendësohen me fjalët: “nga nenet 26 dhe 29”.

Neni 3

Në nenin 11, paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

“Vërtetimi për letrën e huaj me vlerë që lëshohet, ofrohet dhe shitet në Republikën e Maqedonisë paraqet dëshmi për pronësinë e një apo të më tepër aksioneve të rëndomta, aksioneve prioritare apo letrave debitore me vlerë të emetuara në vendet e huaja, të kuotuara në bursë apo të tregtuara në tjetër treg të rregullt në vendet e OECD-së apo Unionit Evropian, apo letrave debitore me vlerë të emetuara apo të garantuara nga qeveritë e vendeve anëtare të OECD-së apo Unioni Evropian, apo banka qendrore e ndonjërës nga ato vende.”

Pas paragrafit (1) shtohen tre paragrafë të rinj (2), (3) dhe (4) si vijojnë:

“(2) Lëshues i vërtetimit për letra të huaja me vlerë mund të jetë banka e cila ka marrë leje nga Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë për shitblerje, garantim dhe plasman të emisionit të letrave me vlerë dhe leje nga Komisioni, për kryerjen e të gjitha shërbimeve të parapara në nenin 94 të këtij ligji.

(3) Lëshues i vërtetimit për letra të huaja me vlerë mund të jetë edhe shtëpia brokere me leje për punë nga Komisioni, për kryerjen e të gjitha shërbimeve të parapara në nenin 94 të këtij ligji.

(4) Për lëshim të vërtetimit për letrat e huaja me vlerë, është e nevojshme që të plotësohen kushtet si vijojnë:

